# Опис на услуга
# Туристички и туроператорски услуги од компании

**Опис на услугата**

Туристички и туроператорски услуги за потребите на Еко-свест.

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест од Скопје има потреба од туристички и туроператорски услуги од компании.

**Цел на услугата**

Ангажираната компанија ќе биде одговорна за туристички и туроператорски услуги и ќе има обврска да дава поддршка и помош при планирање, набавка и реализација на патувања и останати угостителски аранжмани за потребите на персоналот и проектите на Еко-свест.

**Обем и детален опис на услугата**

- Продажба на авиобилети и билети со други средства за патување;
- Изнајмување на автобуси/минибуси и организација на рент-а-кар изнајмување;
- Резервирање на хотелско сместување;
- Изнајмување на станови и апартмани;
- Изготвување на здравствено патничко осигурување;
- Планирање и обезбедување на индивидуални и групни пакет аранжмани;
- Организирање на трансфери до и од домашни и странски аеродроми и други средства на патување за различни групи на патници;
- Организирање на деловни патувања за конгреси, семинари, работилници, студиски посети и други манифестации во земјата и странство;
- Посредување во вадење визи за Австралија, САД, Канада и сл.
- Ангажман за соодветен стручен персонал за различни потреби поврзани со туристички и туроператорски услуги во земјата и странство.

**Временска рамка**

Годишен ангажман на туристичка компанија која овозможува редовна консултација и туристички и туроператорски услуги за Еко-свест. Периодот на

реализација започнува со склучување на договор за соработка и трае 12 месеци, а доколку има интерес од двете страни, соработката може да продолжи.

**Надзор на проектот**

Андрееа Миноска – Финансиски раководител

**Контакт лице**

Андрееа Миноска – Финансиски раководител
andreea@ekosvest.com.mk
Тел. 070 249 785